Финансирано од Европска Унија

Институт за човекови права

Здружение на граѓани
Институт за човекови права
Бр. 0506-23/3
8.4.2024, Скопје

За потребите на проектот „Младински активизам за инклузивно општество“ во рамките на проектот „Поддршка од ЕУ за градење доверба на Западен Балкан“, финансиран од Европската унија (ЕУ) и спроведуван од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), врз основа на Договорот за грант меѓу УНДП и Институтот за човекови права бр. 0307-62/1 од 17.11.2023 година (во понатамошниот текст: Договор за грант), проектниот тим на Институтот за човекови права ја испраќа следната:

ПОКАНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ 3/2024
за набавка на услуги за консекутивен и писмен превод

1. Институтот за човекови права (ИЧП), во рамките на проектот „Младински активизам за инклузивно општество“ во рамките на проектот „Поддршка од ЕУ за градење доверба на Западен Балкан“, финансиран од ЕУ и спроведуван од УНДП, има потреба од **набавка на услуги за консекутивен превод на три јазици (македонски, албански и турски јазик) и писмен превод на четири јазици (македонски, албански, турски и ромски јазик),** кои ќе бидат неопходни за успешно реализирање на проектните активности.

2. Набавката е делива.

3. Опис на услугата:
   - Консекутивен превод на четири трибини со средношколци;
   - Консекутивен превод на четири работилници со средношколци.
   - Писмен превод на извештај, промотивни материјали и друго.

   Подетален опис на услугите е даден во проектната задача 3/2024 која е дел од оваа покана.

4. Прелиминарна временска рамка:
   Услугата треба да се испорача во периодот **од април 2024 до ноември 2024**.

5. ИЧП ќе склучи рамковни договори со избраните понудувачи за реализација на услугите наведени во оваа покана.

6. За таа цел, ве молиме да ни доставите понуда за горенаведената покана.

7. Начин на доставување на понудите.

Понудите се доставуваат по електронски пат, на следниов e-mail: marija.chekredji@ihr.org.mk.

Краен рок на доставување на понудите е до **14.4.2024 година.**

Финансирано од Европска Унија

Институт за човекови права

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на поканата, нема да бидат земени предвид. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

За сите дополнителни појаснувања може да се обратите на е-маил адреса marija.chekredji@ihr.org.mk најдоцна до **12.4.2024 година.**



Марија Чекреџи
Институт за човекови права